НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,
тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;
е-маил: зимохридЖсахоо.цом жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURES DHE
Бр./Nr. 13-1556/2
16.12.2022
Охрид/Ohër

До

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на Претставка
**ВРСКА:** Претставка бр. 13-1556/1 од 12.12.2022 година

До НУ Завод и Музеј – Охрид доставена е ПРЕТСТАВКА бр. 13-1556/1 од 12.12.2022 година во врска со реконструкција и адаптација на објект на ул. Цар Самуил бр. 18 на КП 16222 КО Охрид 3.

Стручните служби при НУ Завод и Музеј – Охрид ја разгледаа доставената ПРЕТСТАВКА и Ви го доставуваат следниот одговор:

- Во текот на 1995 година изработен е ДУП со измени и дополнувања за ПЦГП, МЗ – 10 Центар – дел, МЗ – 11 Стар Град – дел и МЗ – 6 Кошишта – дел во чија изработка НУ Завод и Музеј – Охрид нема учествувано, односно горенаведениот ДУП е оспорен од страна на нашата установа дури до Врховен суд и не е постигнат никаков резултат.
- Со донесувањето на Законот за заштита на културно наследство кој се применува од 2005 година при урбанизацијата на одредени урбани модули задолжителна е изработка на Заштитно конзерваторски основи, меѓутоа нов ДУП за овој урбан модул се уште не е изработен затоа што до НУ Завод и Музеј – Охрид се уште не е доставено Барање за изработка на Заштитно конзерваторски основи со ажурирана подлогаод страна на општина Охрид, иако е тоа законска обврска согласно Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење.
- Според предвидените параметри согласно важечкиот ДУП дозволена е измена на висината до венец од 12,30 м на 13,68 м.
- При реализацијата на проектот од страна на нашата установа со Решение назначен е овластен конзерватор кој континуирано врши конзерваторски надзор при што констатирани се одредени неправилности и тоа:
  - При контрола ипремер на висините забележано е дека има минимални разлики во спратните висини, но вкупната висина на објектот до слеме е задржана во дадената вкупна висина по одобрен проект.

- Разлика е забележана во обликот на тимпанoните на јужните баџи кои се со поблаг агол од одобрените.
- Исти случај е и на северната страна каде предвидената баџа е направена со поместување кон средината на објектот заради конструктивни неможности да се изведе по одобрениот проект.

- За констатираните неправилности изработен е Извештај од вршење на постојан стручен конзерваторски надзор на реконструкција и адаптација на семејна куќа на ул. Цар Самуил бр. 18, КП 16222 КО Охрид 3 бр. 13-399/4 од 09.12.2022 година и истиот е доставен до инспекциските служби при Управата за заштита на културно наследство – Скопје заради нивно понатаможно постапување.
- Исто така и после доставувањето на извештајот од страна на конзерваторскиот надзор констатирани се и други неправилности како што се: рамната тераса на постојниот објект кој беше предвиден само за адаптација делумно е иззидана и покриена со кров. За овие неправилности во тек е изработка на нов извештај кој исто така ќе биде доставен до инспекциските служби при УЗКН – Скопје заради нивно понатаможно постапување.

Со почит,

Овластено лице:

диа Тања Паскали Бунташеска,
советник конзерватор

в.д. Директор,
Катерина Велкоска

архива

До

Директорот на
НУ Завод и Музеј
Охрид

Од
Заричиноски Дарко
Рашанец бр.1
Охрид

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE

| Примено/E pranua 12.12.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 13 | 1556/1 | | |

ПРЕТСТАВКА

Дозволете најпрво накратко да Ви го образложам мојот проблем:

Живееме во објект тип А1(П+1), која се наоѓа во старо градско јадро на град Охрид, Комплекс "Табана", на КП 16224, во втора линија.

Со донесувањето на ревизијата на ДУП за старо градско јадро на град Охрид, за МЗ "Стар Град" (1995г), повеќето од објектите пред нас во прва линија, добија плус спрат и/или поткровје, и сега повеќето имаат (П+2+ПК).

И покрај многубројните приговори и жалби дадени тогаш од наша страна, со измените на овој ДУП, комплетно не затворија, ни го одзедоа погледот кон езерото, без продор на воздух, ни нанесоа голема неправда и непоправлива штета, со тоа комплетно се наруши и не се испочитува амфитеатралноста на стариот дел од градот, која беше и една од забелешките при неговото донесување.

Пред неколку месеци, објектот што се наоѓа пред нас(П+2+ПК), на ул Цар Самоил 18, на КП16222, доби одобрение за градба за реконструкција(преден дел) и адаптација(заден дел), кој веќе е во фаза на карабина(Технички број на проект ПЕ+13/2018, Број:08-683 од 03.10.2019г).

Зошто е дадено одобрение со уште поголема висина(13.68м) во однос на претходната висина на објектот(12,30м), со дополнително голема баџа на задната страна кон нашиот објект, што според законот за заштита на старото градско јадро е забрането(Закон за прогласување на старо градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење член 7), неводејќи сметка за визурите на нашиот објект.

Во прилог Ви испраќам повеќе фотографии, од кои може да се види горе образложениот проблем со спредба на старата со новата состојба.

Ви благодарам на разбирањето


п+1
п+1
п+2+пк
п+2+пк
п+2+пк
п+1+пк


П+1
П+1
П+1
П+1
П+2+ПК
П+2+ПК
П+2+ПК
П+1+ПК




+13,68
+12,35
+9,33
+6,45
+3,39
+0,15
+0,00
+6,30
+6,25
+5,78
+5,48
+5,43
+3,08
+2,60
+2,55
+0,05
+0,00


П+1
П+1
П+1
П+1
П+2
П+1+ПК








П+1
П+2

